Интернационалниот младински оркестар-Сараево 2003 година, Кралскиот симфониски оркестар при палатата Виланов – Полска, Мазовиецки симфониски оркестар – Полска, Симфонискиот оркестар при Музичкиот универзитет Шопен во Варшава - Полска, Меѓународниот Московски Фестивал за Славјанска Музика, каде што е член на жири комисија а воедно има и солистички настапи во рамките на истиот фестивал и др. Посетувал семинари кај Филип Пагљалонга, Јоко Јокота, Пол Маер, Габор Варга, Николас Кокс. Има реализирано повеќе аудио и ТВ записи како и издадени две ЦД-а со Скопскиот дувачки квинтет и едно соло ЦД - "Моменти на кларинет". Настапувал со различни формации, оркестри или солистички во Австрија, Албанија, Србија, Словенија, Бугарија, Полска, Босна и Херцеговина, Русија, САД, Индонезија, Израел и др. Исто така, три пати настапувал како солист со Македонската Филхармонија и оркестарот на Македонската опера и балет, а забележителни настапи како солист има и со Московскиот државен академски симфониски оркестар во Москва 2015 г. и со Дувачкиот оркестар на Музичкиот универзитет Фредерик Шопен во Варшава, Полска 2017 г.
Ристо Ѓоревски во 2018 заврши специјализација за изведба на кларинет на Музичкиот универзитет Шопен во Варшава, Полска.

**Елена Атанасовска-Ивановска** е една од најуспешните и најафирмираните пијанисти во Македонија, која активно учествува во музичкиот живот во земјава, но и надвор од неа. Дипломира со највисока оцена CUM LAUDE на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на еминентниот проф. Борис Романов. Во 2005 година завршува постдипломски студии во класата на истиот професор. Има освоено повеќе први награди на републичко ниво, I награда на меѓународниот натпревар „Златен Лист" во категорија на дуо состав во Сан Бартоломео, Италија (1996), II награда на истиот натпревар во категорија соло пијано (1996), II награда на натпреварот „Музиката и земјата" во категорија на камерни состави, Софија, Р. Бугарија (1996), III награда на Шопеновиот натпревар во Нови Сад, Србија (1997). Учествувала на пијано семинари кај еминентни професори: проф. Љ. Рошчина, проф. С. Доренски, проф. А. Бондурјански, проф. А. Валдма, проф. Ј. Михајловиќ, проф. М. Молова, проф. Н. Макарова, но најплодна и најуспешна е соработката со рускиот проф. Борис Романов, во чија класа ги продолжува студиите по пијано. Учествувала на летната музичка школа „Нови имиња" во Суздаљ, Русија, каде што имаше забележителен настап на концертот на најуспешни семинаристи. Во 2003 година добива награда за најдобар студент од фондацијата „Франк Манинг". Со рецитали, полурецитали и како пијано соработник настапувала низ цела Македонија како и во Русија, Америка, Франција, Шпанија, Португалија, Италија, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косово. Во 2015 година имаше успешен настап во Москва, каде настапи како гостин на концертот на дувачкиот квинтет од „Болшој Театар", Москва, а по покана од музичкото училиште „М. Балакирјев", беше член на жири на 11-от Фестивал за Славјанска музика, во категорија пијано. Во моментов работи како доцент по корепетиција и практика на Факултетот за музичка уметност- Скопје.

ARTISTICO

# КЛАРИФЕСТ

## Битола 2019

# КОНЦЕРТ

**Сергеј Петров –кларинет (Русија)**
**Јакуб Бокун –кларинет (Полска)**
**Ристо Ѓоревски –кларинет (Македонија)**
**Елена Атанасовска-Ивановска- пијано (Македонија)**

**Центар за култура—Битола (Мала сала)**
**9 јуни (недела) 20:30 ч.**




Поддржано од
Република Северна Македонија
Министерство за култура

Партнери

Официјални партнери
BUFFET CRAMPON PARIS
Амбасада на Република Полска во Скопје

D'Addario WOODWINDS
НУ Центар за култура Битола
TIKVEŠ
KORZO



***ПРОГРАМА:***

**1. Felix Mendelssohn - Concert Piece No. 1 in F minor**
изведува: Сергеј Петров, Ристо Ѓоревски и Елена Атанасовска-Ивановска

**2. Louis Cahuzac – Cantilene (arr. for clarinet and piano)**
изведува: Јакуб Бокун и Елена Атанасовска-Ивановска

**3. Bela Kovacs - Hungarian Folk Song and Variations á Zoltán Kodály**
изведува: Сергеј Петров и Елена Атанасовска-Ивановска

**4. Bohuslav Martinu - Sonatina for Clarinet and Piano**
изведува: Ристо Ѓоревски и Елена Атанасовска-Ивановска

**5. Piotr Szewczyk- "Jay Jay Bee" for solo clarinet**
изведува: Јакуб Бокун

**6. Darko Ilievski – Pajdushka minijatura (arr.for 2 clarinets)**
изведува: Сергеј Петров и Ристо Ѓоревски

**7. Sergei Taneyev – Canzona (arr.for clarinet and piano)**
изведува: Сергеј Петров и Елена Атанасовска-Ивановска

**8. Astor Piazzolla - ALLEGRO TANGABILE (arr. Cristian Zárate)**
изведува: Јакуб Бокун и Елена Атанасовска-Ивановска

**Сергеј Петров** дипломирал на Руската Музичка Академија Гнесин во класата на проф. Иван Мозговенко. Од 2001-2003 г. Сергеј бил солист на државниот симфониски оркестар во Москва "Руска филхармонија", а од 2002 г. се вработува како прв кларинет во оркестарот на "Државниот Академски Болшој Театар" на Русија. Тој е победник на натпреварот на ансамбли во градот Клингентал (Германија, 2001); "Класично наследство" (Москва, 2002). Освојувач на прва награда на првиот интернационален Римски-Корсаков натпревар (Санкт Петерсбург,2005). Сергеј Петров е еден од основачите на дувачкиот квинтет на Болшој Театар во Русија со кој има реализирано многу успешни турнеи. Тој исто така настапува како солист на камерниот оркестар на Болшој Театарот. Во 2009 г. Сергеј Петров го издаде своето соло ЦД "Француска музика", а со дувачкиот квинтет на Болшој Театарот го издаде ЦД-то "Класика, романтизам, авангарда". Преку различни формации - соло или оркестарски учествува во многу проекти/снимки за многу филмови, како и во снимањето на опери и балети за Болшој Театарот. Тој исто така е солист кој на покана настапува со "Рахмањинов Триото". Сергеј Петров има активна соло кариера и одржал бројни концерти и мастеркласови во Русија, Јапонија, Македонија, Оман а во 2014 настапи и на фестивалот Охридско лето. Има учествувано како член на жири на бројни меѓународни натпревари и фестивали.
Во моментов Сергеј Петров успешно ја комбинира работата во Болшој Театар и наставата во најголемото детско училиште за уметност во Русија, по име "Балакирјев" и Државниот институт за музика Шнитке.

**Јан Јакуб Бокун** – полски кларинетист и диригент, е уметнички директор на Кларимaниа фестивалот, основач и диригент на Интер-КАМЕРАТА камерниот оркестар и претседавач на полскиот огранок на Меѓународната Асоцијација на кларинетисти. Јан Јакуб Бокун бил победник на натпревари за кларинет во Вроцлав, Влошаковице, Бјалисток, Енсхеде и Маунт Плезант. Тој се едуцирал со Сергиу Целибидаче, Дејвид Зинман, Курт Мазур, Џејмс Ливајн, Гај Деплу, Филип Купер, Валтер Бејкенс и Мајкл Колинс. Има снимено 13 албуми како кларинетист и диригент.
Јан Јакуб Бокун е високо ценет и баран професор, кој има спроведено бројни курсеви и мастеркласови на Кралскиот Конзерваториум во Брисел, Софија, Белград, Прага, Парис, Брно, Љубљана, Мексико, Пекинг, Токио, Авила –Шпанија како и во САД.
Во моментов предава на Факултетот на Музичката кадемијата Карол Липински во Вроцлав.
Јакуб Бокун е артист на музичките брендови Yamaha, D'Addrio и BG.

**Ристо Ѓоревски** своите студии на кларинет ги завршува на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на професор Иван Кочаров, во чија класа ги завршува и постдипломските студии во 2006 година. Наградуван е со прва државна награда за кларинет во 1994 и 1997 и прва државна награда за камерна музика во 2002 година, а во 2015 година како ДУО КЛАРИНЕТИ Ѓоревски-Бакревски ја освојуваат сребрената награда на натпреварот Свирел во Словенија во категоријата камерни состави. На меѓународно ниво настапувал во